**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2416/1
Скопје, 21 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2020 година**

**„ТОЧКА 2: Предлог од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на нови дополнителни рестриктивни мерки и активности за справување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19**

Владата го разгледа Предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на нови дополнителни рестриктивни мерки и активности за справување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата заклучи:

1. Го усвои предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за наредување забрана за движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21.00 часот до 6.00 часот наредниот ден, почнувајќи од 22 март 2020 година и истата да се применува за периодот на постоење на вонредната состојба.

2. Го усвои предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за наредување забрана за движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21.00 часот до 6.00 часот наредниот ден, почнувајќи од 22 март 2020 година и истата да се применува за периодот на постоење на вонредната состојба.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

Со цел операционализирање на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија се задолжува Главниот координативен кризен штаб да го утврди посебниот режим на движење на населението и возилата, исклучоците за одредени категории на лица и институции, работата на производствени и други капацитети, начинот на организирање на меѓуградскиот и јавниот превоз и други работи поврзани со давање на услуги на населението како и останатите наведени мерки и препораки од Предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на нови дополнителни рестриктивни мерки и активности за справување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.“

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk